

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР.37, МЕСЕЦ
ЈАНУАР И ФЕВРУАР 2022

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ПОЖАРНИКАРИТЕ ОД ПРОТИВПОЖАРНАТА ЕДИНИЦА КАВАДАРЦИ СО БРЗА ИНТЕРВЕНЦИЈА ГО ИЗГАСНАА ПОЖАРОТ КОЈ ИЗБИ ВО КУЌА ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ.
ИАКО Е РАНО ДА СЕ ПРОЦЕНИ МАТЕРИЈАЛНАТА ШТЕТА, ОД СТРАНА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЌЕ СЕ НАПРАВИ СЕ, ЗА ДА МУ СЕ ПОМОГНЕ НА СЕМЕЈСТВОТО.



ТППЕ КАВАДАРЦИ ИНТЕРВЕНИРАШЕ НА ГАСЕЊЕ НА ПОЖАР ВО АТАРОТ НА СЕЛО РИБАРЦИ. ПЛАМЕНИТЕ ЈАЗИЦИ ИМААТ ЗАФАТЕНО ШАМАК И СУВА ТРЕВА.
ОД КАВАДАРЕЧКАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА АПЕЛИРААТ ДО ГРАЃАНИТЕ ДА ПОКАЖАТ И ПОГОЛЕМА ВНИМАТЕЛНОСТ, КОГА ФРЛААТ ПЕПЕЛ ВО КОНТЕЈНЕРИТЕ, БИДЕЈЌИ ЧЕСТО СЕ СЛУЧУВА ДА НАСТАНЕ ПОЖАР ВО КОНТЕЈНЕРОТ, ЗАТОА ШТО СО ПЕПЕЛТА СЕ ИСТУРА И ЖАР.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕШЕ НА ТЕРЕН СО ТРИ ВОЗИЛА, ОД КОИ ЕДНОТО Е ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ И ПРВИЧНО ИНТЕРВЕНИРА НА ПОКРИТИЧНИТЕ УЛИЦИ (УГОРНИЦИ), А ПОДОЦНА И НА СИТЕ ДРУГИ. ВОЗИЛО Е УПАТЕНО КОН МИХАЈЛОВО И КОН СЕЛАТА ВО БОШАВИЈАТА, И ИСТИТЕ ВРШАТ ЧИСТЕЊЕ НА СНЕЖНАТА ПОКРИВКА И ПОСОЛУВАЊЕ СО РИЗЛА И СОЛ.





НА ТЕРЕН СЕ И ЕКИПИ ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ КОИ РАБОТАТ НА ЧИСТЕЊЕ НА ПАТОТ ДО ИЗВОРОТ ЛУКАР, ЗА НАВРЕМЕНО СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.




СО ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРВА ЗАШТИТЕНА ЗОНА „ЛУКАР" ПО НАЛОГ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЗАЕДНО СО ЈП КОМУНАЛЕЦ И ЕКО ЖИВОТ ЌЕ СЕ ПРИСТАПИ КОН ПОСТАВУВАЊЕ ИНФОРМАТИВНИ И ПРЕДУПРЕДУВАЧКИ ТАБЛИ НА ПРВА И ВТОРА ЗАШТИТЕНА ЗОНА, И ОГРАДУВАЊЕ КОГА ЌЕ ДОЗВОЛАТ ВРЕМЕНСКИТЕ УСЛОВИ.



ВО КАВАДАРЦИ ВО ТЕКОТ НА ВЕЧЕРИТЕ И УТРАТА СЛУЖБИТЕ БЕА ЦЕЛОСНО МОБИЛИЗИРАНИ. СИТЕ УЛИЦИ И БУЛЕВАРИ ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ СЕ КОМПЛЕТНО ИСЧИСТЕНИ И ПРООДНИ. ДВЕ ВОЗИЛА СЕ УПАТЕНИ КОН ГОРНИТЕ СЕЛА СТРАГОВО, ГАРНИКОВО, КРЊЕВО, БОЈАНЧИШТЕ, ГОРНА БОШАВА, ЧЕМЕРСКО, МРЕЖИЧКО, КОНОПИШТЕ И МИХАЈЛОВО, И ТРАКТОР КОН СЕЛОТО РОЖДЕН И МАЈДЕН.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА И ВО СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ВЛАДАТА И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, БЕА ПРОМЕНЕТИ ПРОЗОРИТЕ ВО О.О.У „СТРАШО ПИНЦУР" ВО СЕЛАТА ДРЕНОВО И ВОЗАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНАА ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ДЕЛОВИ ВО О.О.У „СТРАШО ПИНЏУР" КАВАДАРЦИ.
ОВА ЗНАЧИ ДЕКА ВО ИДНИНА ЌЕ СЕ ПОДОБРАТ УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА И ОДВИВАЊЕ НА КВАЛИТЕТНА НАСТАВА ЗА УЧЕНИЦИТЕ.





ПО ЦЕЛИ 35 ГОДИНИ ДЕНЕС СЕ РУШАТ НЕКОЛКУ СКЛОНОПАДНИ ОБЈЕКТИ ВО НЕКОГАШНИОТ РАСАДНИК НА ТИКВЕШ, СО ЦЕЛ РЕАЛИЗАЦИЈА НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН И КОНЕЧНО ГРАЃАНИТЕ КОИ ЖИВЕАТ НА УЛ. ДОМОВИЦА ДА ДОБИЈАТ ПРИСТАП КАКОВ ШТО ЗАСЛУЖУВААТ.
ПО РУШЕЊЕТО СЛЕДУВА ИЗГРАДБА НА ДВЕ НОВИ УЛИЦИ И ПОВРЗУВАЊЕ НА УЛ.СМИЛИЦА СО УЛ.ДОМОВИЦА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ВО КАВАДАРЦИ СНЕГОТ ВООПШТО НЕ НЕ ИЗНЕНАДИ
ЗИМСКИТЕ СЛУЖБИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОД РАНО УТРОВО СЕ МОБИЛИЗИРАНИ НА ТЕРЕН, И ТОА ЕДЕН КАМИОН Е НИЗ ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ И ГО ЧИСТИ СНЕГОТ ОД УЛИЦИТЕ, ТРОТОАРИТЕ И ДРУГИТЕ ПОВРШИНИ, А ДРУГ Е УПАТЕН КОН ГОРНИТЕ СЕЛА И ИНТЕРВЕНИРА ТАМУ.
СЕ ГРИЖИМЕ ЗА НЕПРЕЧЕНО ДВИЖЕЊЕ НА СЕКОЈ ЖИТЕЛ И ЗА БЕЗБЕДНО ОДВИВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ.

ВО ТЕК Е ИЗГРАДБАТА НА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, КАКО И ВОДОВОДНА МРЕЖА НА УЛ. ЃОРЃИ СОКОЛОВ ВО ДОЛЖИНА ОД 500 МЕТРИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е ЌА-НУ КОМПАНИ ОД СКОПЈЕ, И ОВА Е ЦЕЛОСНА ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КОЈА ЧИНИ 2.400.000 ДЕНАРИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА О.О.У „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ КАВАДАРЦИ" ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ ВО СЕЛО СОПОТ.

ВО ТЕК СЕ ПОГОЛЕМИ ГРАДЕЖНИ ЗАФАТИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ИЗГРАДБА НА КОМПЛЕТНО НОВИ ТОАЛЕТИ, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ХОДНИЦИТЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА КОМПЛЕТНО НОВИ ВНАТРЕШНИ ВРАТИ, ПРОМЕНА НА СИТЕ ПОДОВИ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЅИДОВИТЕ И ПЛАФОНИТЕ, ЦЕЛОСНА ЗАМЕНА НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ИНСТАЛАЦИЈА ВО УЧИЛИШТЕТО И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ЦЕЛОТО УЧИЛИШТЕ.

ЗНАЧИТЕЛНО ЌЕ СЕ ПОДОБРАТ УСЛОВИТЕ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВА, ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ, А УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ ДОБИЈАТ СОВРЕМЕНО УЧИЛИШТЕ, ВО КОЕ СЕ ОСТВАРУВА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС СОГЛАСНО НАЈСОВРЕМЕНИТЕ СТАНДАРДИ.



ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКИНЗИ ОКОЛУ ЗГРАДИТЕ НА УЛ. „ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ" И БУЛЕВАР МАКЕДОНИЈА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

И ОВАА ГОДИНА ОФИЦИЈАЛНО СЕ ПУШТА ЛИЗГАЛИШТЕТО, 4 –ТА ГОДИНА ПО РЕД ИСТОТО ГИ ЗАДОВОЛУВА ПОТРЕБИТЕ НА НАЈМЛАДИТЕ ПРЕКУ УЧИЛИШНИ СПОРТОВИ, ДА МОЖАТ БЕСПЛАТНО ДА ИМААТ ЛИЗГАЊЕ,ЗАНИМАЦИЈА ДРУЖБА И РЕКРЕАЦИЈА.ОВА ЛИЗГАЛИШТЕ ЌЕ РАБОТИ СЕ ДОДЕКА ДОЗВОЛУВААТ ВРЕМЕНСКИТЕ УСЛОВИ, ОДНОСНО ВО НАРЕДНИТЕ 10ТИНА ДЕНА СЕ НАДЕВАМЕ ДЕКА ЌЕ БИДЕ ВО ФУНКЦИЈА БИДЕЈЌИ СЕ ПРОГНОЗИРААТ ПО НИСКИ ТЕМПЕРАТУРИ. ОД РАНИТЕ УТРИНСКИ ЧАСОВИ МОЖАТ ДА ГО КОРИСТАТ СИТЕ ДЕЧИЊА ПА СЕ ДО НАВЕЧЕР ДО 21ЧАСОТ, СЕКАКО ВО ПРИДРУЖБА СО СТРУЧНИ ЛИЦА, ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ РЕНОВИРАА УЧИЛНИЦИ НА 1 КАТ ВО УЧИЛИШТЕТО „ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО" СО ШТО СЕ ПОДОБРИ НИВНИОТ ЕСТЕТСКИ ИЗГЛЕД, КАКО И ХИГИЕНСКИТЕ УСЛОВИ И ТИЕ ДОБИЈА НОВ СЈАЈ.



СЕ ЗАПОЧНА ПОВРЗУВАЊЕТО НА ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА ОД СРЕДНА И НИСКА ЗОНА КОЕ ЌЕ БИДЕ ЗАВРШЕНО ВО НАРЕДНИТЕ ДВА ДЕНА.



ИНАКУ, ПРИ КРАЈ Е И ИЗГРАДБАТА НА ПЕТТАТА ЦЕНТРАЛА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА КАЈ СТАРИТЕ РЕЗЕРВОАРИ НАД СЕЛОТО ВАТАША, ИНВЕСТИЦИЈА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ, КОЈА СЕ ОЧЕКУВА ЗА КРАТОК ПЕРИОД НЕ САМО ДА ГИ ВРАТИ ВЛОЖЕНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ, ТУКУ СО САМОТО ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ДА ЈА ПОДОБРИ И СОСТОЈБАТА НА УСЛУГИТЕ КОН ГРАЃАНИТЕ.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ!



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЧИСТЕЊЕ НА ДИВА ДЕПОНИЈА ВО СЕЛО ДРЕНОВО.





СЕ ЗАПОЧНА СО ТАМПОНИРАЊЕ НА УЛ. БЕЛ КАМЕН.

ЧЕКОР ПО ЧЕКОР ДО НАЈУБАВИОТ ГРАДСКИ ЗЕЛЕН ПАЗАР!

ОБЈЕКТОТ Е ВО ЗАВРШНА ФАЗА. ВО МОМЕНТОТ СЕ ПОСТАВУВААТ ЗАНАЕТЧИСКО – МОЛЕРСКИ И МОНТАЖЕРСКИ РАБОТИ, А ПОТОА СЛЕДУВА ПОСТАВУВАЊЕ НА КОШУЛИЦА ВО ПАД И МОНТИРАЊЕ НА ТЕЗГИТЕ.





СЕ РАБОТИ НА РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИИ ВО ВАТАША



ЗАВРШЕНА Е ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, КАКО И ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО МЕСНОСТА ОПИТНО ПОЛЕ, ОДНОСНО НА УЛ ЃОРЃИ СОКОЛОВ.
ОВА Е ЦЕЛОСНА ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ВО ВИСИНА ОД 2.400.000 ДЕНАРИ, А ИЗВЕДУВАЧ Е ЌАНУ КОМПАНИ ОД СКОПЈЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## ЧИСТЕЊЕ НА ДИВА ДЕПОНИЈА ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ





## ЧИСТЕЊЕ НА ДИВА ДЕПОНИЈА ВО СЕЛО МАРЕНА



СЕ ВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПАТЕКИ НА НОВИОТ ДЕЛ ОД ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА СО СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ. ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ СЕ ПРЕДВИДЕНИ 250 М2.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ АСФАЛТИРАШЕ ПРОКОПИ НАПРАВЕНИ ПРИ САНИРАЊЕ НА ДЕФЕКТИ. ВО ПЕРИОД КОГА НЕ РАБОТИ НИТУ ЕДНА АСФАЛТНА БАЗА, СЕ КОРИСТИ МОБИЛНАТА АСФАЛТЕРКА КОЈА Е ВО СОПСТВЕНОСТ НА ЈП КОМУНАЛЕЦ.






СЕ АСФАЛТИРА УЛ.ЗЕЛЕН ПАЗАР, НА ПОВРШИНА ОД 1200 М/2. ТОА ЗНАЧИ ДЕКА ЗА ПРВПАТ КУЌИТЕ КОИ СЕ ЛОЦИРАНИ НА ТАА УЛИЦА, ЌЕ ДОБИЈАТ ПРИСТАП СО НИВНИТЕ ВОЗИЛА, А СООБРАЌАЈНИЦАТА ЌЕ БИДЕ ДВОСМЕРНА ЗАРАДИ ВЛЕЗ И ИЗЛЕЗ НА ПАРКИНГОТ НА ПАЗАРОТ.

СО ОВАА СООБРАЌАЈНИЦА ЌЕ ПОСТОИ И КРУЖНО ДВИЖЕЊЕ НА СООБРАЌАЈ СО УЛ.ЦАНО ПОП РИСТОВ, ЗЕЛЕН ПАЗАР И 7-МИ СЕПТЕМВРИ, СО ШТО ДВИЖЕЊЕТО ВО ГРАДОТ НЕМА ДА БИДЕ ОТЕЖНАТО КАКО ШТО БЕШЕ ДОСЕГА. СО АСФАЛТИРАЊЕ НА ОВАА УЛИЦА И МОНТИРАЊЕТО НА ТЕЗГИТЕ, ПАЗАРОТ БИ БИЛ ПУШТЕН ВО УПОТРЕБА ЗА НЕПОЛН МЕСЕЦ.





# ОБРАЗОВАНИЕ

УЧИЛНИЦИТЕ НА ПРВИ КАТ ВО ООУ ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ КАВАДАРЦИ, СЕ КОМПЛЕТНО ОПРЕМЕНИ СО НОВИ КЛУПИ, СТОЛЧИЊА И КАТЕДРИ. УЧЕНИЦИТЕ ВО ВТОРОТО ПОЛУГОДИЕ МОЖЕ ДА УЖИВААТ ВО ПРЕКРАСНИОТ ИЗГЛЕД НА УЧИЛНИЦИТЕ!







# ОБРАЗОВАНИЕ

ЗАПОЧНАТА Е РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА О.О.У „СТРАШО ПИНЏУР" ВО С. ВОЗАРЦИ.
ВО ТЕК СЕ ГРАДЕЖНИ ЗАФАТИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ИЗГРАДБА НА КОМПЛЕТНО НОВ КРОВ, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФАСАДА И ГРАДЕЖНО ЗАНАЕТЧИСКИ РАБОТИ ВО ВНАТРЕШНОСТА НА УЧИЛИШТЕТО КОИ ОПФАЌААТ САНАЦИЈА НА ПОД, ПЛАФОН И S ИДОВИ.
СО ОВА ЗНАЧИТЕЛНО ЌЕ СЕ ПОДОБРАТ УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА И ОДВИВАЊЕ НА КВАЛИТЕТНА НАСТАВА. САМИОТ ОБЈЕКТ ЌЕ ДОБИЕ НОВ ЛИК, А УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ ДОБИЈАТ СОВРЕМЕНО УЧИЛИШТЕ ВО КОЕ СЕ ОСТВАРУВА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС СОГЛАСНО НАЈСОВРЕМЕНИТЕ СТАНДАРДИ.





ПРОЕКТОТ КОЈ ОПФАЌАШЕ ПРОМЕНА НА СИТЕ ЛЕД СВЕТИЛКИ ВО С.О.У „ЌИРО СПАНЏОВ БРКО" Е ЦЕЛОСНО РЕАЛИЗИРАН. СМЕНЕТИ СЕ ЛЕД СВЕТИЛКИТЕ ВО ХОЛОТ НА УЧИЛИШТЕТО, УЧИЛНИЦИТЕ, КАНЦЕЛАРИЈАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ И ОСТАНАТИТЕ КАНЦЕЛАРИИ, КАКО И КАНДЕЛАБРИТЕ И РЕФЛЕКТОРИТЕ ВО ДВОРОТ НА ОБЈЕКТОТ. ВРЕДНОСТА НА ИСТИОТ ИЗНЕСУВА 1.939.188 ДЕНАРИ.





DRAXLMAIER ИМ ПОДАРИ ИГРАЧКИ, ДИДАКТИЧКИ И НАДГЛЕДНИ СРЕДСТВА НА ДЕЧИЊАТА ОД НЕКОЛКУ ГРАДИНКИ
ВОСПИТНО–ЕДУКАТИВНИ СРЕДСТВА ЗА ГРАДИНКИТЕ ОД РЕГИОНОТ
–„ DRAXLMAIER ГИ ИЗРАДУВА ДЕЧИЊАТА ОД НЕКОЛКУ ГРАДИНКИ ВО РЕГИОНОТ СО ИГРАЧКИ И ДИДАКТИЧКИ И НАДГЛЕДНИ СРЕДСТВА КОИ ЌЕ ПОМОГНАТ ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ОБРАЗОВНИОТ
ПРОЦЕС. ГРАДИНКИТЕ „РАДА ПОЦЕВА“ ОД КАВАДАРЦИ, „ФЕМО КУЛАКОВ“ ОД НЕГОТИНО И „НАША ИДНИНА“ ОД ПРИЛЕП, НА ГОЛЕМА РАДОСТ НА ДЕЧИЊАТА, НОВАТА ГОДИНА ЈА ЗАПОЧНАА СО НОВА РЕКРЕАТИВНА И ЕДУКАТИВНА ОПРЕМА КОЈА Е ПОДАРОК ОД DRAXLMAIER.
ДОДЕКА ПРЕСТОЈУВААТ ВО ГРАДИНКА, ДЕЦАТА ТРЕБА ДА ИМААТ ЧУВСТВО ИСТО КАКО ДА СЕ ДОМА, А ВОСПИТНИОТ ПРОЦЕС ДА СЕ ОДВИВА ПРЕКУ ИГРА. ПОКАЖУВАЈЌИ КОЛКУ ДЕЦАТА СЕ ВАЖНИ ЗА ВОЗРАСНИОТ СВЕТ, DRAXLMAIER КАКО И МНОГУПАТИ ДО СЕГА, ПОВТОРНО ГИ ПОДДРЖА ГРАДИНКИТЕ ОД РЕГИОНОТ.
-„ЕДНА ОД НАЈВАЖНИТЕ ЗАДАЧИ ВО ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС Е ПОТТИКУВАЊЕ



НА ДЕТСКИОТ РАЗВОЈ ПРЕКУ ЕДУКАТИВНИ ИГРИ И АКТИВНОСТИ. НА ВАКОВ НАЧИН СМЕТАМЕ ДЕКА ЌЕ ПРИДОНЕСЕМЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И ПОДДРЖУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА ДЕТСКИТЕ УСТАНОВИ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ. ВЛОЖУВАЊЕТО ВО НАЈМАЛИТЕ, ЗНАЧИ ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАШАТА ИДНИНА“, ВЕЛИ ЛУКАС МИРИНГЕР, ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА DR XLMAIER МАКЕДОНИЈА.

ДЕЦАТА СО ШИРОКИ НАСМЕВКИ И ГОЛЕМА РАДОСТ ГИ ДОЧЕКАА ПОДАРОЦИТЕ ОД DR XLMAIER. БЛАГОДАРНОСТ ДО КОМПАНИЈАТА ИЗРАЗИ И ВОСПИТНИОТ КАДАР ВО ГРАДИНКИТЕ.

-„НАВИСТИНА СМЕ СРЕЌНИ ШТО DRAXLMAIER СЕ ГРИЖИ И ПРЕКУ ВАКВИ ДОНАЦИИ ГО ПОТТИКНУВА РАЗВОЈОТ НА НАЈМАЛИТЕ И ПРИДОНЕСУВА ЗА ПОКВАЛИТЕТЕН ТРЕТМАН НА ДЕЧИЊАТА ШТО ПАК ВОДИ ДО ПОГОЛЕМ СТЕПЕН НА ХУМАНИЗАЦИЈА НА ОПШТЕСТВОТО“, ВЕЛИ ЦАНА ДОБРИНОВА, ДИРЕКТОРКА НА ГРАДИНКАТА „РАДА ПОЦЕВА“ ВО КАВАДАРЦИ.



СЕНИОРСКАТА ЕКИПА НА ГФК ТИКВЕШ 1930 ДЕНЕС ВО АНТАЛИЈА ТУРЦИЈА ГО ОДИГРА СВОЈОТ ТРЕТ ПРИЈАТЕЛСКИ НАТПРЕВАР ОД ЗИМСКИОТ ПОДГОТВИТЕЛЕН ПЕРИОД ПРОТИВ ЕКИПАТА НА ФК КУБАН ОД КРАСНОДАР РУСИЈА .

НАТПРЕВАРОТ ЗАВРШИ СО РЕЗУЛТАТ 2:2.
НА ПОЛУВРЕМЕ ТИКВЕШ ИМАШЕ ПРЕДНОСТ ОД 2:0.
СТРЕЛЦИ ЗА НАШИОТ ТИМ:АЛЕКСАНДАР МИШОВ И РИСТЕ ТЕМЕЛКОВ
ФЕР И КОРЕКТЕН НАТПРЕВАР ОД ДВЕТЕ СТРАНИ.
ШЕФОТ НА СТРУЧНИОТ ШТАБ ВЛАТКО КОСТОВ НА ОВОЈ НАТПРЕВАР МУ ДАДЕ ШАНСА НА СИТЕ ФУДБАЛЕРИ НА КОИ РАСПОЛАГА ВО МОМЕНТОТ.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ СЕ ГОРДИ ШТО МУ ДАДОА ЦЕЛОСНА ПОДДРШКА НА ЗЛАТНОТО ДЕТЕ ФИЛИП РИЗОВ, КОЈ НА ПРВОТО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ОВАА ГОДИНА Е ПРВАК ВО ДВЕ ДИСЦИПЛИНИ: ЗЛАТЕН МЕДАЛ ВО LOW KICK И ЗЛАТЕН МЕДАЛ ВО SEMI КОНТАКТ

И ПОКРАЈ НЕМАЊЕТО ДОВОЛНО ВРЕМЕ ЗА ПОДГОТОВКИ ФИЛИП ДОКАЖА ДЕКА КОГА СЕ САКА, СЕ СЕ МОЖЕ. САМ СЕ ПОДГОТВИ, САМ ОТИДЕ И САМ СИ ГИ ЗЕМА МЕДАЛИТЕ. ЕТЕ ТАКА СЕ РАЃААТ ШАМПИОНИ!
ЧЕСТИТКИ ЗА НЕГОВИОТ ТРЕНЕР ЈАНЕ НИКОЛОВСКИ.





ИЗБОР НА СПОРТИСТ ЗА 2021 ГОДИНА

ВО ДОМОТ НА КУЛТУРАТА „ИВАН МАЗОВ КЛИМЕ" СЕ ОДРЖА МАНИФЕСТАЦИЈАТА - ИЗБОР НА СПОРТИСТ ЗА 2021 ГОДИНА ВО ПРИСУСТВО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗОТ НА СПОРТОВИ, ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ПРЕТСТАВНИЦИ НА СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, СИТЕ СПОРТИСТИ,ТРЕНЕРИ,ПРИЈАТЕЛИ НА СПОРОТ, ВЉУБЕНИЦИ И ПОМАГАТЕЛИ.




КАВАДАРЦИ ОД СЕКОГАШ БИЛ СПОРТСКИ ГРАД, МЕЃУТОА ИЗМИНАТИТЕ ГОДИНИ, ЛИЧНО ЈАС, НО И КАКО ГРАДОНАЧАЛНИК СЕ ТРУДАМ ДА ПОМОГНАМ ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ БУКВАЛНО ВО СЕКОЈ ЕДЕН СПОРТ КОЈ УСПЕШНО СЕ РАЗВИВА И КОНТИНУИРАНО РАСТЕ ВО НАШИОТ ГРАД. РЕЗУЛТАТИТЕ КАЖУВААТ ЗА ТОА, СИТЕ УСПЕСИ КОИ ШТО ГИ ДОЖИВЕАВМЕ ГО ПОТВРДИЈА НАШИОТ ДУХ, БОРБЕНИОТ И СПОРТСКИ ДУХ НА ТИКВЕШИЈАТА И КАВАДАРЦИ. ЈАС СЕ ДОДЕКА СУМ НА ОВАА ПОЗИЦИЈА ЌЕ СЕ ТРУДАМ МАКСИМАЛНО ДА ВЛОЖУВАМ И ДА СЕ ЗАЛАГАМ ЗА СИТЕ НИЕ ДА ПРОДОЛЖИМЕ ДА БИДЕМЕ ГОРДИ НА НАШИТЕ ДЕЦА, НАШИТЕ СОГРАЃАНИ. БИДЕЈЌИ СПОРТОТ Е МНОГУ ВАЖНА АЛАТКА ВО ПСИХОФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА А ВООПШТО И ЗА СИТЕ.

ЧЕСТИТКИ И БЛАГОДАРНОСТ НА СИТЕ КАТЕГОРИИ НА СПОРТИСТИ, ЗА НИВНИТЕ ТРЕНЕРИ, ЗА НИВНИОТ ПРИДОНЕС И ЗАЛОЖБИ ЗА ОСВОЕНИ БЛАГОДАРНИЦИ,МЕДАЛИ ЗА СИТЕ ТАЛЕНТИ ЈУНИОРИ И СЕНИОРИ.



# СПОРТ

МЛАДИ И НАДЕЖНИ ТАЛЕНТИ ВО 2021 ГОДИНА

1. ТАЛЕНТ ВО РАКОМЕТ – ЗОРАН НАУМОВ – РАКОМЕТЕН КЛУБ ТИКВЕШ ЈУНИОРИ 2012
2. ТАЛЕНТ ВО КАРАТЕ – ФИЛИП ЈАНЧЕВ - КАРАТЕ КЛУБ САНСАИ МЕТАЛ АПОСТОЛОВ
3. ТАЛЕНТ ВО ТЕНИС – НАДИЦА БЛАЖЕВСКА – ТЕНИСКИ КЛУБ ЦРНА РЕКА
4. ТАЛЕНТ ВО СТРЕЛАЊЕ – НИКОЛА КАРАЃОРЃЕВ – ОПШТИНСКИ СОЈУЗ НА УЧИЛИШЕН СПОРТ КАВАДАРЦИ

ВТОРАТА КАТЕГОРИЈА Е НАЈДОБРИ ЈУНИОРИ ЗА 2021

1. НАЈДОБАР МЛАД НИНЏИЦУ ПРЕЗЕНТЕР – ДИМИТАР ДИМИТРОВ – НИНЏУТСУ КЛУБ ТАТСУЏИН
2. НАЈДОБАР БЏЏ БОРЕЦ – ДАРКО ДИМИТРИЕВ – КЛУБ ЗА БРАЗИЛСКИ ЏУИ-ЏИЦА КАВАДАРЦИ
3. НАЈДОБАР МЛАД ПИНГПОНГАР – ПЕТАР МУКАЕТОВ – ПИНГПОНГАРСКИ КЛУБ КАВАДАРЦИ
4. НАЈДОБАР МЛАД НУРКАЧ – РИСТЕ ДИНЕВ – ПЛИВАЧКО НУРКАЧКИ КЛУБ КРАЧОВИЦА КАВАДАРЦИ
5. НАЈДОБАР МЛАД АТЛЕТИЧАР – АНДРЕЈ АНДОВСКИ – АТЛЕТСКИ КЛУБ КАВАДАРЦИ
6. НАЈДОБАР МЛАД СТРЕЛЕЦ – ЛИЛЈАНА ИЛИЕВА – СТРЕЛАЧКИ КЛУБ КАВАДАРЦИ
7. НАЈДОБАР МЛАД ЏУДИСТ – МИЛА ЈОВАНОВА – ЏУДО КЛУБ КОЖУВЧАНКА
8. НАЈДОБАР МЛАД ФУТСАЛ ФУДБАЛЕР – АНТОНИО ЈАНЕВ – КМФ ЦРНА РЕКА КАВАДАРЦИ
9. НАЈДОБАР МЛАД РАКОМЕТАР – БЛАГОЈ ПАНОВ – ГРК ТИКВЕШ 2014
10. НАЈДОБАР МЛАД КОШАРКАР – АНДРЕЈ ЧАДАМОВ – КОШАРКАРСКИ КЛУБ ЕУРО НИКЕЛ
11. НАЈДОБАР МЛАД ФУДБАЛЕР – ЖИВКО КОЦЕВ – ГФК ТИКВЕШ 1930
12. НАЈДОБАР МЛАД КИКБОКСЕР – МАРТИН ИЛКОВ – КИК БОКС КЛУБ БУДО КАВАДАРЦИ
13. НАЈДОБАР МЛАД КАРАТИСТ – ДАНКА СТОЈКОВА – КАРАТЕ КЛУБ САНСАИ МЕТАЛ АПОСТОЛОВ

НАЈДОБРИ СЕНИОРИ ЗА 2021

1. НАЈДОБАР НИНЏИЦУ ПРЕЗЕНТЕР - ДИМИТАР ДИМОВ – НИНЏИЦУ КЛУБ ТАТСУЏУН КАВАДАРЦИ
2. НАЈАКТИВЕН ПЛАНИНАР – ЦВЕТАНКА КАМЧЕВА – ПЛАНИНАРСКО СПОРТСКО ДРУШТВО ОРЛЕ
3. НАЈАКТИВЕН СПОРТИСТ СО ИНВАЛИДНОСТ – НИКОЛЧО ДЕЛОВ - ( СОЈУЗ ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА НА ИНВАЛИДИ КАВАДАРЦИ )
4. НАЈДОБАР БЏЏ БОРЕЦ – МАРИЈА ДИМИТРИОВСКА - РУТС БЏЏ ТИКВЕШ КАВАДАРЦИ
5. НАЈДОБАР АТЛЕТИЧАР – БОЈАН ЧАПРИЌ – АТЛЕТСКИ КЛУБ КАВАДАРЦИ
6. НАЈДОБРА ПИНГ-ПОНГАРКА – БИЛЈАНА МЛАДЕНОВА – ПИНГПОНГАРСКИ КАВАДАРЦИ
7. НАЈДОБАР ЏУДИСТ – МАРИЈА ИЛИЕВСКА – ЏУДО КЛУБ КОЖУВЧАНКА
8. НАЈДОБАР ФУТСАЛ ФУДБАЛЕР – МАРЈАН МАНЕВ – КМФ КЛИМИ
9. НАЈДОБАР ФУДБАЛЕР – МЕТОДИЈА ДЕЛОВ – ГФК ТИКВЕШ 1930
10. НАЈДОБРА КОШАРКАРКА – ЛИЛЕ МИТКОВА – ЖКК ТРОКАЛ
11. НАЈДОБАР КАРАТИСТ – ВЛАДАНКА АВРАМОВА – КАРАТЕ КЛУБ САНСАИ МЕТАЛ АПОСТОЛОВ
12. НАЈДОБАР КОШАРКАР – ДАРКО СОКОЛОВ –КК ЕУРО НИКЕЛ КАВАДАРЦИ

# СПОРТ

БЛАГОДАРНИЦА:
1. ЗА РАЗВОЈ И ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА МАРАТОНСКО ТРЧАЊЕ МЕРИДИЈАН АТЛЕТИК ЕКО КЛУБ КАВАДАРЦИ
БЛАГОДАРНИЦА:
2. ЗА ПРОМОЦИЈА НА СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНО МАРАТОНСКО ПЛИВАЊЕ БОШКО ИЛИЕВ
БЛАГОДАРНИЦА:
3. ЗА СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН ПОДВИГ - ПЛАНИНАРСКА ПАТЕКА ЉУБАШ 2021 - ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКИ СОЈУЗ НА УЧИЛИШЕН СПОРТ КАВАДАРЦИ
БЛАГОДАРНИЦА:
4. ЗА ТРАЈНИ ВРЕДНОСТИ ЈУБИЛЕЈ 60 ГОДИНИ ПСД ОРЛЕ
БЛАГОДАРНИЦА:
5. ЗА ТРАЈНИ ВРЕДНОСТИ 30 ГОДИНИ ЛОЗАРИ ИСТОК 1991

УСПЕХ НА ГОДИНАТА ( ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ ЗЛАТЕН МЕДАЛ ФИБА ЧЕЛИНЏЕР М-16 ТБИЛИСИ ГРУЗИЈА )
1. ЉУБИЦА БОШКОВА - ЖКК ТРОКАЛ
2. АНАСТАСИЈА ТОДОРОВА - ЖКК ТРОКАЛ
3. НАЈДОБАР СТРАНЕЦ НА СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ ВО КАВАДАРЦИ
- СТРАХИЊА СИМИЌ - ГРК ТИКВЕШ 2014
4. НАЈДОБАР СПОРТСКИ РАБОТНИК
- МИЛЕ МАСЛАРКОВ
5. НАСТАН НА ГОДИНАТА
- ПЛАСМАН ВО ПРВА ЛИГА ГФК ТИКВЕШ 1930
6. ПЛАКЕТА ЗА ТРАЈНИ ВРЕДНОСТИ 15 ГОДИНИ СПОРТОДРОМ – НАЈДОБАР НОВИНАР МИКИ ВИДЕНОВИЌ

ПЕХАРИ ЗА 2021 ГОДИНА
1. НАЈДОБАР СПОРТСКИ КЛУБ МАЖИ
- КОШАРКАРСКИ КЛУБ ЕУРО НИКЕЛ КАВАДАРЦИ
2. НАЈДОБАР СПОРТСКИ КЛУБ ЖЕНИ
- ЖЕНСКИ КОШАРКАРСКИ КЛУБ ТРОКАЛ
3. НАЈДОБАР ТРЕНЕР
- НИКОЛА ЗЛАТЕВ - ЖКК ТРОКАЛ
4. НАЈДОБАР МЛАД СПОРТИСТ НА ГОДИНАТА
- ОЛГИЦА ОРЕШКОВА - КИК БОКС КЛУБ БУДО КАВАДАРЦИ
5. СПОРТИСТ НА ГОДИНАТА
- ФИЛИП РИЗОВ – КИК БОКС КЛУБ КАВАДАРЦИ

ЗАЕДНИЧКИ РУЧЕК НА БАДНИК СО НАШИТЕ СОГРАЃАНИ НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНО МАЛКУ РАДОСТ, ДРУЖЕЊЕ И ПАРЧЕ СРЕЌА. ПРИГОТВЕН ОД ВЕШТИТЕ РАЦЕ НА НАЈГОЛЕМИТЕ МАЈСТОРИ ВО КУЈНАТА.
ЗАТОА ШТО МАГИЈАТА НА БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ Е ТОКМУ ВО СПОДЕЛУВАЊЕТО НА ЗАЕДНИЧКИ МОМЕНТИ.




ЧЕТВРТОК 06.01.2022

од 09:00ч. до 14:00ч.

**БАДНИКОВ РУЧЕК**

ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ



# НАСТАН

ДЕНЕС ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕШЕ МЛАДИОТ И ИНСПИРАТИВЕН ХРИСТИЈАН МИТЕВСКИ ОД ШТИП. ТОЈ НА СРЕДБАТА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ МЕЃУ ДРУГОТО БЕШЕ ЗАПОЗНАЕН И СО РАБОТАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА. ПРИТОА ТОЈ ПОСЕТИ И НЕКОЛКУ КУЛТУРНИ ОБЈЕКТИ ВО НАШИОТ ГРАД.



ЗА МНОГУ ГОДИНИ „БОГОЈАВЛЕНИЕ - ВОДИЦИ"
ОВАА ГОДИНА ЧЕСНИОТ КРСТ Е ВО РАЦЕТЕ НА ЃОРЃИ СТОЈКОВ. МУ ПОСАКУВАМЕ МНОГУ ЗДРАВЈЕ, БЛАГОДЕТ И СРЕЌА, НЕМУ И НА НЕГОВОТО СЕМЕЈСТВО





ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА СЕ ОДРЖА СОСТАНОК ПО ПОВОД ИНИЦИЈАТИВАТА СПАС ЗА ТИКВЕШКО ЕЗЕРО, ПОДНЕСЕНА И ПРЕДЛОЖЕНА ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.
НА СОСТАНОКОТ ПРИСУСТВУВАА ПРАТЕНИЦИТЕ ОД КАВАДАРЦИ, ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР ЗА СПАС НА ТИКВЕШКО ЕЗЕРО, СТРУЧНИ СЛУЖБИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ЕКО ЖИВОТ, ОРЛЕ.
СВОЕ ИЗЛАГАЊЕ ИМАШЕ И ПРОФЕСОРОТ ТОМЕ ЛИСИЧАНЕЦ КОЈ ШТО МЕЃУ ДРУГОТО ЗБОРУВАШЕ И ЗА ЗАШТИТЕНАТА ЗОНА ТИКВЕШКО ЕЗЕРО, КАКО И ЗА НЕГОВИТЕ УБАВИНИ. ТУРИСТИЧКОТО ЕЗЕРО ПРЕД СЕ Е НАПРАВЕНО ЗА НАВОДНУВАЊЕ И ЗА ТАА ЦЕЛ Е НАПРАВЕНА НА КАНАЛСКА МРЕЖА. ТРЕБА ДА СЕ ИМА ВО ПРЕДВИД И ЗНАЧЕЊЕТО НА СЛАТКИТЕ ВОДИ ВКЛУЧУВАЈКИ ГО И ТИКВЕШКОТО ЕЗЕРО ВО ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНАТА. ИМАЈКИ ВО ПРЕДВИД ДЕКА 40% ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е СТЕПА ДО ПОЛУПУСТИНА, ВО ТАКВИ УСЛОВИ ДА СЕ ОСТАВИ ТИКВЕШКОТО ЕЗЕРО НА СЛУЧАЈНОСТ Е КРАТКОВИДНОСТ СО ГОЛЕМИ РАЗМЕРИ.



ОВИЕ ЗАКЛУЧОЦИ СЕ ДОНЕСЕНИ:
1. ПРАТЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ПАРЛАМЕНТОТ НА МАКЕДОНИЈА, ДА ГО АКТУЕЛИЗИРААТ ПРАШАЊЕТО ЗА СОСТОЈБАТА И ОПСТАНОКОТ СО „ТИКВЕШКО ЕЗЕРО„ ПРЕД СООДВЕТНАТА КОМИСИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА И ЗАЖИВОТНА СРЕДИНА ВО РЕПУБЛИЧКИОТ ПАРЛАМЕНТОТ И ДА ИНИЦИРА СРЕДБА СО ПРЕМИЕРОТ И МИНИСТЕРОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА.
2. ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА „ЕКО ЖИВОТ"-ЗАЕДНО СО ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА-ДОНЕ ИЛОВ, ДА ИЗРАБОТАТ ЕЛАБОРАТ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА ВОДОСТОЈОТ НА ЕЗЕРОТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, МИНИМАЛНИОТ БИОЛОШКИ ОПСТАНОК НА ЕЗЕРОТ И ОКОЛИНАТА НА ТИКВЕШКОТО ЕЗЕРО.



3. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ-СЕКТОРОТ ЗА КОМУНАЛНО УРЕДУВАЊЕ, УРБАНИЗАМ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА, СООБРАКАЈ РАКОВОДИТЕЛ-ДРАГОСЛАВ СИМОНОВИЌ, ДА ИЗРАБОТИ ЕЛАБОРАТ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА ВОДОСТОЈОТ НА ТИКВЕШКОТО ЕЗЕРО, ВО ОДНОС НА ЗАШТИТАТА НА МАНАСТИРИТЕ, ЦРКВИТЕ ПОКРАЈ ЕЗЕРОТО, И ИМОТНАТА СОСТОЈБА НА ОБЈЕКТИ ОКОЛУ ЕЗЕРОТО СО ВРЕДНОСТ НА ИСТИТЕ.
4. ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЛАНИНАРСКО СПОРТСКО ДРУШТВО „ОРЛЕ„ ЗАЕДНО СО СОВЕТНИКОТ ЗА ЗАШТИТА И СПРЕЧУВАЊЕ ОД ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОДАТА, ЗЕМЈИШТЕТО И ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА- ЗОРАН МЛАДЕНОВСКИ ДА ИЗРАБОТИ ЕЛАБОРАТ ВО ДЕЛОТ НА СПЕЛЕОЛОГИЈАТА И ХИДРОЛОГИЈАТА СО КОЈ ШТО ЌЕ СЕ ЕЛАБОРИРА ЗА

ЗАШТИТАТА НА ПЕШТЕРСКИОТ ТУРИЗАМ, МАНАСТИРСКИОТ И ЦРКОВЕН ИМОТ, ВО ОДНОС НА НИСКИОТ ВОДОСТОЈ НА „ТИКВЕШКО ЕЗЕРО„ .
5. ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР ДА ИЗРАБОТИ ЕЛАБОРАТ ВО ДЕЛОТ НА ВЛИЈАНИЕТО ОД НАМАЛУВАЊЕ НА ВОДОСТОЈОТ ВРЗ МИКРОКЛИМАТА НА „ТИКВЕШКО ЕЗЕРО„ И СТОПАНИСУВАЊЕТО СО ИСТОТО. ДА ИЗРАБОТАТ ЕЛАБОРАТ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА ВОДОСТОЈОТ НА „ТИКВЕШКО ЕЗЕРО„ ВРЗ ИЗДАДЕНИТЕ КОНЦЕСИИ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО РИБНИОТ ФОНД ВО ИСТОТО И ЦЕЛОКУПНАТА АКВАКУЛТУРА.
6. СОВЕТНИКОТ ЗА ЗАШТИТА И СПРЕЧУВАЊЕ ОД ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОДАТА, ЗЕМЈИШТЕТО И ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА-ЗОРАН МЛАДЕНОВСКИ, ДА ПОДГОТВИ ЕЛАБОРАТ ЗА ПРИСУСТВОТО НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО КВАЛИТЕТОТ НА ВОДАТА ВО „ТИКВЕШКО ЕЗЕРО„ И ВЛИЈАНИЕТО НА ИСТОТО ВО ПРОЗВОДСТВОТО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ И КВАЛИТЕТОТ НА ХРАНАТА, ИМАЈЌИ ЈА ВО ПРЕДВИД ПРИМАРНАТА НАМЕНА НА ТИКВЕШКОТО ЕЗЕРО И НАПРАВЕНАТА КАНАЛСКА МРЕЖА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПОВРШИНИ;
7. КОМИСИЈАТА УТВРДИ ДЕКА ГОРЕНАВЕДЕНИТЕ ЕЛАБОРАТИ ПО ОДНОС НА ОПСТАНОКОТ НА „ТИКВЕШКО ЕЗЕРО„ ТРЕБА ДА СЕ ПОДГОТВАТ НАЈДОЦНА ДО 15.02.2022 ГОДИНА.

ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИМАШЕ СРЕДБА СО МИНИСТЕРОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА НАСЕР НУРЕДИНИ, НА КОЈА ПРИСУСТВУВАА И ПРАТЕНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКОТО СОБРАНИЕ, ДИРЕКТОРИТЕ НА ХЕЦ ТИКВЕШ И ВОДОСТОПАНСТВО ТИКВЕШ, КАКО И СИТЕ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ ОД ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА СПАС НА ТИКВЕШКОТО ЕЗЕРО НА КОЈА БЕА ДОНЕСЕНИ НИЗА ЗАКЛУЧОЦИ



# НАСТАН

ТРАДИЦИОНАЛНО ЗАКРОЈУВАЊЕ НА ВИНОВА ЛОЗА ПО ПОВОД ГОЛЕМИОТ ХРИСТИЈАНСКИ ПРАЗНИК СВ.ТРИФУН, ЗАЕДНО СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВМРО - ДПМНЕ ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ, МИТРОПОЛИТ ПОВАРДАРСКИ ГОСПОДИН АГАТАНГЕЛ, МИТРОПОЛИТ БРЕГАЛНИЧКИ ГОСПОДИН ИЛАРИОН И ОСТАНАТИТЕ СВЕШТЕНИ ЛИЦА.
СИТЕ ДА НАЗДРАВИМЕ ЗА ЉУБОВ, ЗА СРЕЌА, ЗА СЕКОЈ ДЕН, ЗА СВ ТРИФУН, ЗА ТРАДИЦИЈАТА КОЈА ТРЕБА ДА ЈА ЧУВАМЕ И НЕГУВАМЕ, ЗАТОА ШТО Е ДЕЛ ОД НАШАТА ИСТОРИЈА.
НА ЗДРАВЈЕ И ЗА МНОГУ ГОДИНИ!






НА ЗАКРОЈУВАЊЕТО НА ВИНОВАТА ЛОЗА ПРЕТХОДЕШЕ СВЕЧЕН КОКТЕЛ ВО ОПШТИНСКАТА ЗГРАДА ПО ПОВОД ПРАЗНИКОТ НА ЛОЗАРИТЕ. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЈАНЧЕВ УПАТИ ЧЕСТИТКА ПО ПОВОД ПРАЗНИКОТ СВЕТИ ТРИФУН.
ПРОСЛАВАТА ПРОДОЛЖИ И ВЕЧЕРТА НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД СО КОНЦЕРТ НА НЕКСТ ТАЈМ.













Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
Лилјана Митрова
**Печати:** печатница Европа 92 Кочани
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk